ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 13- 217/10

Дата: 01.07.2014

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детска хирургија (во понатамошниот текст - клиника) на сметка за сопствени приходи за 2013 година.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на овaа ревизија.
Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2013 година.

Врз основа на склучени договори за извршување повремени работи во текот на 2013 година преку Агенција за привремени вработувања ангажирани се 20 лица кои извршуваат редовни работни задачи предвидени со актот за организација и систематизација за што се исплатени средства во износ од 2.643 илјади денари. Имено, клиниката подолго време се соочува со проблемот на недостиг на персонал неопходен за непречено и квалитетно извршување на дејноста.
Во текот на 2012 и 2013 година клиниката доставила неколку барања до надлежното министерство за вработување на медицински и административен персонал, но добиени се согласности само за две вработувања.

Извршивме обелоденување во делот на неподмирените обврски за извршените услуги по програмите донесени од надлежното министерство и начинот на распределба на средствата по истите.

Законскиот застапник на клиниката на ден 20.06.2014 година до Државниот завод за ревизија достави известување со кое известува дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на клиниката на сметка за сопствени кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на клиниката застапувана од:

- Спец. Д-р Ристо Симеонов, в.д. директор од 03.02.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на клиниката се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме

дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.04.2014 до 27.05.2014 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на клиниката на ден 02.06.2014 година.

Законскиот застапник на клиниката на ден 20.06.2014 година до Државниот завод за ревизија достави известување со кое известува дека нема забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Врз основа на склучени договори за извршување повремени работи во текот на 2013 година преку Агенција за привремени вработувања ангажирани се 20 лице кои извршуваат редовни работни задачи предвидени со актот за организација и систематизација.

Имено, клиниката подолго време се соочува со проблемот на недостиг на персонал неопходен за непречено и квалитетно извршување на дејноста. Во прилог на истото е и фактот што од систематизираните 98 пополнети се 64 работни места, поради што во текот на 2012 и 2013 година клиниката доставила неколку барања до надлежното министерство за вработување на медицински и административен персонал, но добиени се согласности само за две вработувања.

Имајќи предвид дека согласно член 4 од Законот за агенции за привремени вработувања, ангажирањето на лица за привремени вработувања може да биде во случај на замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот и непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност, ревизијата констатира дека лицата не се ангажирани во соглсност со одредбите на овој закон. Исто така на овој начин се доделуваат значајни работни задачи обврски и одговорности на лица кои не се опфатени во системот на здравствена заштита, а од друга страна

истите не можат да ги остварат правата од работен однос, односно право на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување предвидено со член 13 од Законот за работни односи.

**Препорака**

Одговорното лице да продолжи со иницијативата и со доставување на барања до надлежното министерство за вработување на потребниот персонал неопходен во процесот на давање на здравствените услуги.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детска хирургија, на ден 31.12.2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за детска хирургија, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите по поодделните програми.

На ден 31.12.2013 година клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 2.758 илјади денари.

**Прифатени и коригирани неправилности од страна на клиниката во текот на ревизијата**

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2014 година и изработен е налог со кој е извршено намалување на позициите Финансиски и пресметковни односи во активата и пасивата во Билансот на состојба и тоа за износ од 5.448 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.909 | 3.443 |
| Трансфери и донации | 2.232 | 392 |
| **Вкупно приходи** | **5.141** | **3.835** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 24 | 103 |
| Стоки и услуги | 3.957 | 3.700 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3.992** | **3.803** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.067 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.067** | - |
| **Вкупно расходи** | **5.059** | **3.803** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **82** | **32** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 82 | 32 |
| Побарувања | 3.684 | 2.753 |
| Финансиски и пресметковни односи | 0 | 4.174 |
| Активни временски разграничувања | 0 | 1.082 |
| **Вкупно тековни средства** | **3.766** | **8.041** |
| **Вкупна актива** | **3.766** | **8.041** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | - | 1.082 |
| Финансиски и пресметковни односи | - | 4.174 |
| Пасивни временски разграничувања | 3.766 | 2.785 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3.766** | **8.041** |
| **Вкупна пасива** | **3.766** | **8.041** |